**20081543217**

**АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 14 точка а), а во врска со член 51 став (3) точка г) и став (5) од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија“, бр. 13/2005, 14/2007, 55/2007 и 98/2008) Комисијата како орган на Агенцијата за електронски комуникации на состанокот одржан на ден 5.12.2008 година, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА УСЛУГА ЗА ИЗНАЈМУВАЊЕ НА ГОЛЕМО НА ПРЕТПЛАТНИЧКИ ЛИНИИ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1
**Предмет**

Со овој правилник се пропишува начинот и постапката за обезбедување на услугата за изнајмување на големо на претплатнички линии од страна на оператор со значителна пазарна моќ на релевантните пазари за фиксни говорни телефонски мрежи и услуги (во натамошниот текст: Оператор).

Член 2
**Цел**

Со овој правилник ќе се овозможи користење на претплатнички линии од страна на други оператори и/или даватели на јавни електронски комуникациски услуги (во натамошниот текст: оператор-корисник) за обезбедување на јавни говорни телефонски услуги за трети страни.

Со изнајмувањето на големо на претплатничките линии на Операторот од страна на операторот-корисник, се овозможува операторот-корисник на својот претплатник да му издаде една сметка (Single Billing through Wholesale Line Rental – SB WLR), за користење на претплатничката линија која е во сопственост на Операторот и обезбедување на јавна говорна телефонска услуга преку услугата предизбор на оператор.

## II. ПРИНЦИПИ ЗА ИЗНАЈМУВАЊЕ НА ГОЛЕМО НА ПРЕТПЛАТНИЧКИ ЛИНИИ

Член 3
**Принципи**

Операторот при изнајмување на големо на претплатнички линии ги применува следните принципи за:

- Недискриминација
- Транспарентност
- Контрола на цени
- Водење на посебно сметководство.

Член 4
**Недискриминација**

Операторот при изнајмување на големо на претплатнички линии, применува еднакви услови во еднакви околности за субјекти што обезбедуваат еднакви услуги и треба претплатничките линии за други субјекти да ги обезбедува под еднакви услови и со еднаков квалитет како за своите сопствени услуги или услугите на своите деловни единици или партнери.

Член 5
**Транспарентност**

(1) Операторот до Агенцијата за електронски комуникации (во натамошниот текст: Агенција) доставува Понуда за изнајмување на големо на претплатнички линии на одобрување во рок од 30 дена од денот на назначување за оператор со значителна пазарна моќ на релевантните пазари за продажба на производи и услуги на мало, број 1-Пристап до јавна телефонска мрежа на фиксна локација за резиденцијални крајни корисници и број 2-Пристап до јавна телефонска мрежа на фиксна локација за деловни крајни корисници.

(2) Агенцијата во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на Понудата ја разгледува и одобрува Понудата или го известува операторот дека истата не е во согласност со одредбите од Законот за електронските комуникации и овој правилник.

(3) Доколку предложената Понуда не е во согласност со одредбите на Законот за електронските комуникации и овој правилник, Агенцијата со известување во писмена форма може да побара Операторот да изврши измени на предложената Понуда и во рок од 30 дена од денот на приемот на известувањето да достави изменета Понуда.

(4) Понудата од став (1) на овој член особено содржи податоци за:

а) сите видови на услуги и претплатнички линии;

б) технички карактеристики, вклучувајќи ги и физичките и електричните карактеристики, деталните технички спецификации и спецификациите за перфомансите на претплатничките линии, како и информации за квалитетот на претплатничките линии,;

в) цени, во кои е вклучен надомест за почетно приклучување и месечен надомест, како и можните попусти, според видот на претплатничката линија;

г) процедурата за обезбедување на услугата за изнајмување на големо на претплатнички линии;

д) рок за обезбедување за изнајмување на големо на претплатнички линии, кој се засметува од денот на склучување на договорот за обезбедување на услуга за изнајмување на големо на претплатнички линии и кој не смее да биде подолг од 5 работни дена;

ѓ) времетраење на договорот за обезбедување на услугата за изнајмување на големо на претплатнички линии, како и условите и начините за предвремено раскинување или продолжување на истиот;

е) време за отстранување на дефект, кое не смее да биде подолго од 4 часа, а кое што се пресметува врз основа на просечно време што му е потребно на операторот за да го отстрани дефектот и за повторно да ја воспостави претплатничката линија, почнувајќи од времето кога е примено известувањето за дефект, при што се земаат предвид 80% од сите отстранети дефекти на претплатнички линии од ист тип во соодветен временски период. Кога за ист вид на претплатничка линија се нудат различни класи на квалитет на поправка, се објавуваат различни времиња за отстранување на дефекти; и

ж) сите постапки за обесштетување.

Член 6
**Контрола на цени**

(1) Цените за изнајмување на големо на претплатнички линии се определуваат врз основа на следната формула:

Cw=Cr - CP

каде што:

Cw е големопродажна цена понудена од Операторот;
Cr е малопродажна цена на услугата што ја обезбедува Операторот за своите претплатници;
CP е контролен процент, кој не смее да биде помал од 20% ниту поголем од 35% во зависност од видот на услугата и претплатничката линија.
(2) При контролата на цените се има предвид со истите да се овозможува покривање на трошоците за ефикасно обезбедување на услугите.
(3) Агенцијата определува минимални граници за CP поинакви од утврдените во став (2) на овој член на барање на Операторот доколку истиот докаже дека со така определениот CP му се создава price squeeze, односно покаже дека со тој CP не може да работи рентабилно или на барање на оператор-корисник доколку докаже дека со така определениот CP нема услови за рентабилно работење.

Член 7
**Водење на посебно сметководство**

Операторот води посебно сметководство за активностите поврзани со изнајмувањето на големо на претплатнички линии во согласност со одредбите од член 47 на Законот за електронските комуникации.

III. ДОГОВОР ЗА ИЗНАЈМУВАЊЕ НА ГОЛЕМО НА ПРЕТПЛАТНИЧКИ ЛИНИИ

Член 8
**Склучување на договор за изнајмување на големо на претплатнички линии**

(1) Кога до Опероторот ќе биде доставено барање за изнајмување на големо на претплатнички линии, Операторот во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето склучува договор за изнајмување на големо на претплатнички линии со барателот, освен во случаите предвидени во став 2 на овој член.
(2) По исклучок од ставот 1 на овој член, доколу Операторот смета дека не се исполнети техничките услови за изнајмување на големо на претплатнички линии, во рок од 10 дена од приемот на барањето писмено го известува барателот за причините за одбивање на барањето.
(3) Барателот во рок од 10 дена од приемот на известувањето за одбивање на барањето може да побара од Агенцијата да ја утврди неговата основаност.
(4) Агенцијата во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето од став 3 на овој член ја утврдува основаноста на одбивањето на барањето. Доколку утврди дека операторот неосновано го одбил барањето, Агенцијата со решение ќе го задолжи операторот во рок од 30 дена да склучи договор за изнајмување на големо на претплатнички линии и да ја реализира бараната услуга.

(5) Склучените договори за изнајмување на големо на претплатнички линии треба да ги содржат сите елементи од објавената понуда од член 5 од овој правилник.

(6) Операторот склучените договори за изнајмување на големо на претплатнички линии ги доставува до Агенцијата во рок од 5 дена од денот на нивното склучување. Агенцијата ги објавува оние делови од договорите на својата веб страна кои не се од доверлив карактер согласно одредбите од Законот за електронските комуникации, прописите донесени врз основа на него и друг закон.

Член 9
**Решавање на спорови**

(1) Доколку Агенцијата, по службена должност утврди дека договорот за изнајмување на големо на претплатнички линии не е во согласност со условите утврдени во објавената понуда од член 5 на овој правилник, ќе донесе решение со кое ќе го задолжи операторот во рок од 10 дена од денот на приемот на решението да ги отстрани утврдените неправилности.

(2) Во случај на спор по одредбите на договорот за изнајмување на големо на претплатнички линии, Агенцијата по барање на една од страните ќе одлучи согласно одредбите од членовите 122 до 133 на Законот за електронските комуникации.

(3) Договорот за изнајмување на големо на претплатнички линии содржи одредби за договорна казна во случај кога операторот не се придржува кон предвидениот роко од член 5 став (4) точка д) на овој правилник. Договорната казна не може да изнесува помалку од месечниот надоместок за видот на претплатничката линија за секој ден задоцнување.

## IV. ДОСТАВУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАИ

Член 10

**Извештај**

(1) Операторот податоците за квалитет на услугата за изнајмување на големо на претплатнички линии утврдени во Прилог 1, кој што е составен дел на овој Правилник, ги доставува до Агенцијата и ги објавува на својата веб-страна најдоцна до 31 март во тековната година за претходната година.

(2) Операторот податоците од став (1) на овој член ги доставува до Агенцијата и на нејзино барање во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на барањето.

(3) Агенцијата ја проверува точноста и вистинитоста на доставените податоци и за таа цел може да бара операторот да и достави извештаи од направени мерења и друга документација.

## V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 11
**Преодни одредби**

„Македонски Телеком” АД за електронски комуникации-Скопје, како оператор со значителна пазарна моќ на пазарите за фиксни говорни телефонски мрежи и услуги согласно член 146 став (1) од Законот за електронските комуникации, во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на овој правилник доставува до Агенцијата Понуда за обезбедување на услуги за изнајмување на големо на претплатнички линии согласно со одредбите на овој правилник.

Член 13

**Влегување во сила**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото објавување во „Службен весник на Република Македонија”.

По влегувањето во сила, овој правилник ќе биде објавен и на веб страната на Агенцијата за електронски комуникации.

Бр. 11-231/4
5 декември 2008 година
Скопје

Агенција за електронски
комуникации
Комисија
Претседател,
**Софче Јовановска,** с.р.

ПРИЛОГ 1

# ПОДАТОЦИ ЗА КВАЛИТЕТ НА УСЛУГА ЗА ИЗНАЈМУВАЊЕ НА ГОЛЕМО НА ПРЕТПЛАТНИЧКИ ЛИНИИ

**А. Рок за изведба на услугата за изнајмување на големо на претплатнички лин (период 1 јануари-31 декември[1])**

| Вид на претплатничка линија | Рок за изведба (во денови) Вкупно[2] |
|---|---|
| PSTN | |
| ISDN2 | |
| ISDN30 | |

**Б. Рок за отстранување на дефекти (период 1 јануари-31 декември[1])**

| Вид на претплатничка линија | Начин на одржување[3] | Рок за изведба (во денови)[4] |
|---|---|---|
| PSTN | | |
| | | |
| ISDN2 | | |
| | | |
| ISDN30 | | |
| | | |

**В. Нерасположивост на услугата за изнајмување на големо на претплатнички линии (период 1 јануари-31 декември[1])**

| Вид на претплатничка линија | Средно времетраење на нерасположивост (%)[5] | Коментар |
|---|---|---|
| PSTN | | |
| ISDN2 | | |
| ISDN30 | | |

Појаснувања:

1. Периодот се однесува на календарска година
2. Типичен рок за изведба е времето во кое успешно се остварени 95% од барањата за изнајмување на големо на претплатнички линии, мерен во календарски денови започнувајќи од денот на поднесување на барањето
3. Кога за ист вид на претплатнички линии се нудат различни класи на квалитет на поправка, се објавуваат типичните времиња за отстранување на дефекти. Кога се нуди само една класа на квалитет, оваа колона се остава празна.
4. Време на отстранување на дефект е време во кое успешно се отстранети 80% од дефектите мерено во часови од времето на пријавување на дефектот до поправка на дефектот.
5. Средното времетраење на нерасположивост се определува како:

$$\frac{\text{вкупно времетраење на нерасположивост (во часови) за секој вид на претплатнички линии}}{\text{разгледуван период (во часови) x број на претплатнички линии од ист вид}} \times 100\%$$

Времетраењето на нерасположивост започнува со пријавата на дефект и завршува со отстранување на дефектот, како и, доколку е потребно, и известување до операторот-корисник за отстранување на дефектот